КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
www.all4fairtrials.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Facebook: Coalition All For Fair Trials
Twitter: All4FairTrials-MK

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

**Јавна реакција за постапување на судот во предметот „Тарифа“**

**Коалиција „Сите за правично судење“ ја истакнува својата загриженост за постапувањето на судечкиот судија во предметот под кодно име „Тарифа“ заведен под референтен број КОК-24/21 што се суди пред Одделението за организиран криминал и корупција во Основниот кривичен суд Скопје.**

Имено, на рочиштето одржано на 06.11.2023 година, при започнување на главната расправа, судот по службена должност констатирал дека согласно измените на Кривичниот законик од септември 2023 година обвинителниот акт се преиначува во обвинителен предлог во однос на кривичното дело од член 353 – злоупотреба на службената положба и овластување. Откако судијата го преиначил обвинението, го распуштил судечкиот совет и констатирал дека во предметот ќе постапува судија поединец согласно одредбите за водење на скратена постапка. Во овој контекст, јавниот обвинител кој го застапува предметот на рочиштето се изјасни дека нема да изврши прецизирање на обвинителниот акт, ниту во описот на кривичното дело ниту во однос на правната квалификација и доколку тоа е потребно, истото ќе го направи во завршниот збор. По ова произнесување, главната расправа продолжи со испитување на двајца сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

Во однос на ваквото постапување на судијата во овој конкретен предмет, мора да се истакнат неколку суштински работи што влијаат на законито водење на судската постапка. Најпрво, рочиштето на 11.09.2023 година беше одложено со оглед дека стапија на сила новите измени на Кривичниот законик, а потоа на 10.10.2023 година главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка. Во тој контекст, несфатливо е како судот оцени дека после поминат одреден временски период треба да одлучува за ова прашање, односно откако се поминати скоро 2 месеци од кога стапија на сила измените на КЗ.

Второто прашање, кое е особено проблематично во постапувањето на судијата во овој судски предмет е тоа што, согласно ЗКП во оваа фаза од постапката судот нема право да врши преквалификација на кривичното дело. **Согласно законот судот не е врзан со правната квалификација при одлучувањето, односно при оцена на обвинителниот акт согласно член 338 од ЗКП како и при изрекување на пресуда согласно член 398 од ЗКП што е спротивно применето во овој случај, односно судот има извршено преквалификација на обвинителниот акт во предлог во тек на главната расправа, поконкретно во доказна постапка.** Ваквиот начин на постапување на судијата го отвара патот за констатирање на суштествени повреди на ЗКП пред повисокиот суд, бидејќи доколку преквалификацијата не е направена од страна на јавниот обвинител и истиот останува на обвинителниот акт, тогаш конкретниот предмет моментално се води пред непрописно составен суд согласно член 25, ставови 1 и 2, што согласно член 415 став 1 алинеа 1 е суштествена повреда на постапката.

Напоменуваме дека, судот со должно внимание треба да постапува во судските процеси и да ги почитува како домашните така и меѓународните прописи кои гарантираат фер и правично судење. Дополнително, Законот за кривичната постапка јасно пропишува во кој дел од постапката судот има овластување да врши преквалификација на кривичното дело. Во таа насока, **Коалицијата апелира судот доследно да го применува Законот за кривичната постапка во насока на почитување на стандардите за фер и правично судење со почитување на двете странки во постапката.**